**Уп. бр. 08-43/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ВАЛЕА ФОНДАЦИЈАТА, со регистрирано седиште во Вадуз, на ул. ЛЕГАЦОН ТРЕУХАНД, АНСТАЛТ, Ландстрассе 99, 9494 Шан, Кнежевство Лихтенштајн, и Рокавеј Медиа а.с. со регистрирано седиште на адреса Генерала Пики 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, доставено преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати Скопје, на седницата одржана на ден 18.03.2026 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ВАЛЕА ФОНДАЦИЈАТА, со регистрирано седиште во Вадуз, на ул. ЛЕГАЦОН ТРЕУХАНД, АНСТАЛТ, Ландстрассе 99, 9494 Шан, Кнежевство Лихтенштајн, и Рокавеј Медиа а.с., со регистрирано седиште на адреса Генерала Пики 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, ќе стекнат заедничка контрола врз Рокавеј Артс а.с. со регистрирано седиште на адреса Генерала Пики 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 24.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ВАЛЕА ФОНДАЦИЈАТА со регистрирано седиште во Вадуз, Кнежевство Лихтенштајн, и Рокавеј Медиа а.с. со регистрирано седиште на Прага, Чешка Република,  со која ВАЛЕА ФОНДАЦИЈАТА и Рокавеј Медиа а.с.,  ќе стекнат заедничка контрола врз Рокавеј Артс а.с. со регистрирано седиште на адреса

Генерала Пики 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**ВАЛЕА ФОНДАЦИЈАТА** е приватна фондација, основана и организирана согласно законите на Кнежевството Лихтенштајн. Таа нема сопствени деловни активности. Нејзината главна дејност е (индиректно) поседување на единствен контролен удел во ККЦГ (*KKCG*), со регистрирано седиште на адреса Капеллгассе 21, Луцерн, Швајцарија, кое претставува крајно матично друштво на ККЦГ Групација (*KKCG Group*).

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучително лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Покрај уделите во ККЦГ Групацијата, ВАЛЕА ФОНДАЦИЈАТА дополнително поседува контролни удели во повеќе други субјекти („ВАЛЕА Друштва ).

Ниту едно од ВАЛЕА Друштвата не е присутно на пазарот во Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за управување со видео лотариски терминали и во областа на информатичка технологија и ги има следните зависни друштва:

- Касинос Аустриа Интернатионал Македонија ДОО, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје и со главна дејност – дејности на игри на среќа;
- Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 2, Скопје и со главна дејност – дејности на игри на среќа;
- АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11ти Октомври бр. 33А Скопје и со главна дејност – компјутерско програмирање;
- АВЕНГА АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11ти Октомври бр. 33А Скопје и со главна дејност – останато образование, неспоменато на друго место во класификацијата;
- МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11ти Октомври бр. 33А Скопје, со главна дејност – компјутерско програмирање.

**Рокавеј Медиа а.с.,** е дел од ЈХ Групацијата. Активностите на ЈХ Групација првенствено се однесуваат на е-трговија, финансиски технологии, медиуми и издавање на книги, вложувања во ризичен капитал, инвестиции во развој на недвижности, техничка опрема од областа на одбраната, како и блокчејн и крипто-активи.

ЈХ Групација е присутна во Република Северна Македонија преку Џирафа Групација, врз која остварува заедничка контрола.

Џирафа Групација управува со пребарувач на албански јазик, платформа за видео и информативна содржина, онлајн маркетинг платформа, онлајн пазар за купување автомобили и платформа за е-трговија фокусирана на Албанија, Косово и Република Северна Македонија. Во Република Северна Македонија,

ЈХ Групацијата е присутна во Северна Македонија преку друштвото Друштво за електронска трговија и услуги ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје. Со седиште на Јадранска Магистрала бр.86 Скопје и со дејност - тговија на мало со информатичка и комуникациска опрема

**Рокавеј Артс а.с.** е холдинг-друштво кое поседува контролни удели во субјекти активни исклучиво во Чешката Република и фокусирани на културниот и уметничкиот сегмент.

Рокавеј Артс а.с. нема зависни друштва во Република Северна Македонија и на никаков начин не е активно на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**